Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-225/2
15.05.2025 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од 46-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 03.04.2025 година, со почеток во 17.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следниот**

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записникот од 45-та седница на Советот на Општина Градско.
2. Предлог- Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Градско за 2025 година.
3. Предлог-Позитивно мислење за Програмата за планирани екскурзии, излети и други вонучилишни активности во учебната 2024/2025 година во ООУ ,,Даме Груев,, Градско.
4. Разгледувања на барања и поднесоци.
5. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.
Од 9 советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред и предложи истиот да биде дополнет со една точка:

1.Усвојување на записникот од 3-та вонредна седница на Советот на Општина Градско.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 46-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 45-та седница на Советот на Општина Градско.*
Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 45-та седница на Совет на Општина Градско.
Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 45-та седница на Совет на Општина Градско.
Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 45-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Усвојување на Записникот од 3-та вонредна седница на Советот на Општина Градско.*
Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 3-та вонредна седница на Совет на Општина Градско.
Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 3-та вонредна седница на Совет на Општина Градско.
Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 3-та вонредна седница на Совет на Општина Градско.

*3.Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Градско за 2025 година.*
Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.
Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Градско за 2025 година.
Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Градско за 2025 година.

*4.Позитивно мислење за Програмата за планирани екскурзии, излети и други вонучилишни активности во учебната 2024/2025 година во ООУ „Даме Груев„ Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Позитивното мислење за Програмата за планирани екскурзии, излети и други вонучилишни активности во учебната 2024/2025 година во ООУ „Даме Груев„ Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Позитивното мислење за Програмата за планирани екскурзии, излети и други вонучилишни активности во учебната 2024/2025 година во ООУ ,,Даме Груев,, Градско.

5.*Разгледувања на барања и поднесоци*

а) Барање од ЈКП Клепа Градско за одобрување на финансиски средства како субвенција кон јавни комунални претпријатија за плаќање на заостанат долг за потрошена електрична енергија за пумпите за водоснабдување кон ЕВН Хоме.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на финансиски средства.

б) Барање од Коста Николов од Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

в) Барање од Мехдија Фиулљани за одобрување на финансиски средства потребни за лекување.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на финансиски средства.

г) Барање од Роберт Иванов за ослободување од плаќање на надоместок на комунална такса за јавно осветлување.

По разгледување на барањето советниците едногласно одлучија да се излезе на терен за да се види состојбата и барањето да се стави на наредна седница.

*6.Разно*

Сеат Сулковиќ- со легнати полицајци на улица 8 Септември не е решено, се вози брзо.

Тоше Петревски- дали има сообраќајно решение на улица 8-ми Септември.

Слободан Бошков- во врска со што.

Тоше Петревски- од брзина на возење до тежина на товани возила, дали има решение.

Слободан Бошков- треба да се викне сообраќаен инженер и да се види каде може да се постави легнат полицаец, а не кој како ќе посака.

Маја Андовска- зошто не се трга легнатиот полицаец во Долно Градско.

Јованче стојанов- во Водоврати легнатиот полицаец бил наместен на угорница и на кривина, бараат ако може да биде наместен на рамно.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 46-та седница во 18:00 часот.

| Записник водел: | Претседател |
|---|---|
| Мери Седмакова Димовска | на Совет на Општина Градско |
| | Мирјана Ѓорѓиева |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГРАДСКО ГРАДСКО